ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
ГЛАСИЛО НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ
Бр. 18 Март - Април 2021

ул.Свети Јоаким Осоговски бр.175 тел. 031 375 035 opkp@krivapalanka.gov.mk www.krivapalanka.gov.mk



## Крива Паланка ќе добие енергетски ефикасно осветлување

Општина Крива Паланка потпиша Договор за јавно-приватно партнерство за промена и модернизација на уличното осветлување по ЕСКО модел. Договорот е потпишан во присуство на министерот за економија Крешник Бектеши.

Со планираната реконструкција на 2217 светилки се планира заштеда од 276 KW односно повеќе од 1.279.000,00 KW/ годишна потрошувачка, што е приближно 80% на заштеда.

Вкупните инвестициски трошоци за ЕСКО компанијата се во износ од 65,517,730.19 денари со ДДВ, периодот на отплата на инвестицијата е 72 месеци или 6 години. Животен век на светилките е 100.000 работни часа или приближно 23 години, со нето финансиска корист за Општината од 37,010,602.35 денари.




## Крива Паланка со сертифицирани негуватели за пружање помош и нега во домашни услови на стари и изнемоштени лица

*Општина Крива Паланка потпиша договори со 20 негуватели кои ќе бидат стручно обучени за пружање помош и нега во домашни услови на стари и изнемоштени лица како дел од проектот „Одговорни институции-среќни граѓани".*

Услугите кои ќе ги испорачуваат идните сертифицирани негуватели предвидуваат помош при извршување на основните активности како што се лична хигиена, облекување, хранење, мобилност во домот и слично, но и набавка на продукти, чистење, перење, поправки, земање на лекарска терапија, преку асертивен пристап со хуманост и разбирање на состојбата и потребите на оваа ранлива група.

Проектот го имплементираат Општина Крива Паланка и Општинската организација на Црвен крст со финансиска поддршка од Министерството за труд и социјална политика.



## Реконструкцијата на градскиот плоштад и парк се одвива според предвидената динамика

*Градежните работи на градскиот плоштад и парк, кои се реконструираат во рамки на проектот „Крива Паланка - Источна порта на ЕВРОПА – Туристичка фестивалска атракција", се одвиваат според предвидената динамика.*

Подземната фекална и атмосферска мрежа е комплетно санирана и заменета, со изработка на дополнителни сливници и шахти и поставување на цевки со поголем пресек со цел да се задоволи новата состојба и зголемениот број на корисници во овој дел на градот. Токму лошата состојба на подземната инсталација и непостоење на подземен катастар, со оглед дека плоштадот бил изграден пред 50-60 години, беа и причина за краткиот застој во градежните работи.

Во тек е изградбата на проектираните амфитеатри, новопроектираната фонтана и партерно уредување на плоштадската површина.

Вкупна вредност на проектот е 662.000 евра, а се имплементира во рамки на Вториот повик за проекти финансиран со средства од ЕУ (ИПА 2), а менаџиран од Светска банка преку Единицата за спроведување на проектот „Локална и регионална конкурентност".



## Изградена канализациона мрежа во населба „Мезовски Ливади"

Изградена е канализациона мрежа во населба „Мезовски Ливади"- крак 2, во должина од околу 1 км.

Вредноста на инвестицијата е 2.301.000 денари. Средствата се обезбедени од Бирото за регионален развој во висина од 1,5 милион денари, а остатокот е кофинансиран од Општина Крива Паланка.



## Поставена е еластична одбојна ограда на стариот пат кон манстирот „Св. Јоаким Осоговски“

Поставена е еластична одбојна ограда на стариот пат од „Мотел“ кон манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, кој неодамна беше реконструиран со нов коловозен слој, нови рабници и подобрено одводнување.
Заштитната ограда е поставена на критични места на патот во вкупна должина од околу 400 метри, со што ќе се подобри сигурноста и безбедноста на учесниците во сообраќајот.

Средствата за поставување на оградата се обезбедени од буџетот на општината, а работите ги изведува фирмата „Кединг“-Скопје.



## Населбите „Бурови Бавчи“ и „Бојанов Дол“ ќе добијат систем за отпадни води

Со средства добиени од Владата на РС Македонија со ребалансот на буџетот за 2020 година, а менаџирани од Министерството за транспорт и врски, на општината и се доделени околу 6.000.000 денари, кои ќе бидат искористени за изградба на фекални колектори во населбите „Бурови Бавчи“ и „Бојанов Дол“.

Изведувач на работите е фирмата „Лабино Трејд“ од Гостивар и истите се очекува да бидат завршени до јуни оваа година, со што ќе се реши долгогодишниот проблем на жителите на овие две населби.





## Поставени нови садови за отпад

*Јавното претпријатие „Комуналец“ од Крива Паланка изврши замена на старите корпи за отпадоци поставени во централното градско подрачје.*

Поставени се пластични садови за отпад од 50 литри, обезбедени со сопствени финансиски средства на ЈП Комуналец.



## Се подобруваат условите за спорт во СОУ „Ѓорче Петров“

Во средното општинско училиште „Ѓорче Петров” во тек се градежни активности за подобрување на условите за спорт. Се реконструира спортскиот терен во кругот на училиштето при што ќе се изврши замена на оградата, руинираната подлога ќе се реконструира и ќе се постави тартан, ќе бидат поставени рефлектори за користење на теренот и во вечерните часови, ќе се обноват реквизитите, а ќе се постави и пристапна рампа за лица со инвалидитет.

Напоредно се менува кровот на спортската сала, а објектот ќе добие и нова термоенергетска фасада. Со реализација на планираните градежни активности значително ќе се подобрат условите за работа на спортската сала и на придружните кабинети и училници кои се во состав на овој објект.

---

*Активностите се финансирани со средства од буџетот на училиштето.*





## Потпишани договори со здруженија на граѓани за финансиска поддршка на проектни активности

*Во Општина Крива Паланка беа потпишани договори со девет граѓански организации за користење на грантови во висина од 30.000 до 60.000 денари, кои Општината ги доделува согласно Програмата за поддршка на здруженија и фондации за 2021 година.*

ПСК „Руен“, КУД „Карпош“, Здружение за спасување и помош „Спасител“, КУЗ „Фолклористи“, Риболовен клуб „Мрена“, Здружение на жени земјоделки, сточарки и домаќинки „Агропаланчанка“, Извиднички одред „Наум Наумовски Борче“, КУЗ „Распеани паланчани“, Еколошко акцијашко друштво „Осоговски акцијаши“, се здруженијата кои ги исполнија условите на јавниот повик за финансирање на проектни активности.

Временската рамка за спроведување на проектите е крајот на календарската година.



## Усвоена завршната сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година

Советот на Општина Крива Паланка на на 50-та седница ја усвои завршната сметка на Буџетот на општината за 2020 година. Конечниот буџет на Општина Крива Паланка за 2020 година по сите ребаланси, проширувања и пренамени изнесува 482.479.240 денари.

---

Завршната сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2020 година во разбирлив формат и детална форма може да се види на линкот https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2021/03/zavrsna_smetka_2020_detalna.pdf



## Во Крива Паланка одбележан Денот на крводарителите

*По повод 17 март, Денот на основањето на Црвениот крст на РС Македонија и Денот на крводарителството, градоначалникот Борјанчо Мицевски организираше прием за крводарителите од Крива Паланка.*

На настанот на кој присуствуваа организатиорите и поддржувачите на крводарителските акции на ОО Црвен крст, беа доделени награди и признанија на најхуманите граѓани. Плакети со признанија за 50 дарувања на крв беа доделени на Баки Реџеповски, Зоран Трајчевски, Раде Трајковски и Константин Стојановски.

Признанија беа доделени на семејствата Дамевски и Митовски, а како промотори и поддржувачи на Програмата за крводарителството за 2020 година признанија добија Ивица Станковски, Дејан Апостоловски, Ирена Белешковска, ТППЕ Крива Паланка, Клубот на млади при ОО Црвен крст, ООУ Јоаким Крчовски и ЗКЦ Деве Баир.



## Нов профил во средното стручно образование: Здравствена струка во СОУ „Ѓорче Петров“

Во рамки на проектот **Учи паметно, работи стручно**, што е дел од процесот на унапредување на средното стручно образование што го започна Министерството за образование и наука, Општина Крива Паланка ги идентификува потребите од отварање на нов профил медицинска сестра од здравствена струка во СОУ „Ѓорче Петров“ од Крива Паланка.

Со почетокот на новата учебна година 34 ученика ќе имаат можност да се запишата во здравствена струка во образовен профил медицинска сестра, за што СОУ „Ѓорче Петров“ соодветно опреми кабинети за изведување на наставата.



## Заедничка хуманитарна акција за поддршка на ранливите категории на граѓани

*Општина Крива Паланка заедно со ОО Црвен крст Крива Паланка, во соработка со Државна лотарија на Македонија како општествено одговорна компанија, спроведоа заедничката хуманитарна акција за поддршка на ранливи категории на граѓани во услови на пандемија и справување со Ковид-19.*

Во заедничката хуманитарна акција беа посетени домови на социјално загрозени, немоќни и самечки домаќинства на кои им беа донирани витамин и суплементи.



## Решен долгогодишниот проблем со недостаток на стручен кадар во Градскиот музеј

Градоначалникот Борјанчо Мицевски им ги врачи договорите за вработување на првите стручни лица во Градскиот музеј во Крива Паланка, со што се надмина долгогодишниот проблем со кој се соочуваше оваа локална установа, со недостаток на стручни лица кои ќе работат со збирките, документацијата и поставките во музејот, кои се во огромен број.

*ЛУ Градски музеј Крива Паланка е еден од двата музеи во РС Македонија кои се финансираат од самите општини, и за разлика од сите останати локални и национални музеи не добива средства (за плати, надоместоци и тековни трошоци) од Буџетот на РСМ, ниту директно ниту како блок дотација.*

## Градоначалникот Мицевски оствари средба со со Стефани Симонова, светски шамион во BRAINOBRAIN – вештини



Градоначалникот Борјанчо Мицевски оствари средба со добитничката на 1-вото место на шестиот Меѓународен натпревар во BRAINOBRAIN вештини, Стефани Симонова, ученичка од ООУ Јоаким Крчовски од Крива Паланка.

Меѓународниот BRAINOBRAIN натпревар секоја година се организира во Дубаи и се одвива во рамките на BRAINOBRAIN програмата за интелектуални вештини и способности. На натпреварот оваа година учествуваа 25 000 ученици од 45 земји поделени по возраст и ниво.




## Промоција и примопредавање на првите дела од збирката за современа ликовна уметност во Градскиот музеј

*Во просториите на ЛУ Градски музеј Крива Паланка се одржа свечена промоција и официјално примопредавање на првите дела во Збирката за современа ликовна уметност на Градскиот музеј.*

Станува збор за современи уметнички дела, создадени во рамки на проектот „Сите бои на џезот“ на Центарот за аудиовизуелни уметности од Крива Паланка, а автори се академските сликари Димитар Стојчевски, Роберт Цветковски и Нела Јанчевска.

На свеченоста посебно признание му беше одадено на неодамна починатиот академски сликар Димитар Стојчевски и беше најавено дека оваа година во негова чест ќе се реализираат повеќе настани и проекти.



## Во Североисточниот плански регион ќе се формира Совет за социјална заштита

Североисточниот плански регион е избран за пилот регион во кој ќе се формира Совет за социјална заштита , во рамките на проектот „Инклузивен и одржлив рамномерен регионален развој“, кој го спроведува Министерството за локална самоуправа, со поддршка на Швајцарската агенција за развој и соработка.

Подготовките започнаа со консулативни средби на проектната единица во општина Крива Паланка, која е идентификувана како најуспешна општина во регионот во областа на социјалната заштита. Нејзиното позитивно искуство и пристап ќе бидат пример кој ќе биде применет и во регионални рамки, а градоначалникот Борјанчо Мицевски веќе ја започна иницијативата за формирање на ова тело што ќе ги третира социјалните услуги на регионално ниво.

Општина Крива Паланка веќе има успешно реализирани проекти и активности, како што е спроведен процес на детектирање на социјалните проблеми и изработка на социјален план, со цел соодветно насочување на ресурсите за справување со потешкотиите и поквалитетен живот на лицата во социјален ризик.